РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2480/4
11-11-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по поднесена пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41-та седница одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Предметот заведен под број 09-2480/1 од 21.07.2026 година против службеното лице, -----, член на Управен одбор на ----------, **СЕ ЗАПИРА.**
ДКСК после утврдување на фактичка состојба констатира дека не е утврдена повреда на законските одредби кои го регулираат постапувањето во ситуација на постоење на судир на интерси и не е констатирана состојба на судир на интереси согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 21.07.2026 година, поднесена е пријава против службеното лице ------, член на Управен одбор на --------- - Битола, по што е оформен предмет број со бр. 09-2480/1.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомневање за сторена повреда на член 75 од Законот за спречување на копрупцијата и судирот на интереси, односно дека пријавеното лице во својство на член на Управниот одбор на --------, активно учествувало и не се изземало при разгледување на точката од дневниот ред на седницата на Управниот одбор, на која бил извршен преглед на пристигната доументација за избор на директор на наведениот студенстки дом, иако и таа самата била кандидат за директорската позиција, врз основа на претходно објавен јавен оглас за директор. Дополнително се посочува и дека пријавеното лице било и записничар на седницата.

Заради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичката состојба, ДКСК се обрати со барање за податоци и информации до --------, а по обезбедената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

На ден 02.07.2025 година била одржана 11 – та седница на Управниот одбор на ---------- на кој присуствувала и пријавената ----------, во својство на член на Управниот одбор.
На седницата, по однос на точка 2 од истата, се констатира дека претседателката на Управниот одбор ---------- го прочитала одговорот добиен од Министерството за образование и наука, со кој било укажано дека првиот кандидат ------ има завршено образование со стекнато 240 ЕКТС и го исполнува условот за директор на наведениот студентски дом, додека вториот кандидат ---------- не го исполнила потребниот услов од објавениот конкурс за директор.

Врз основа на ова се констатира дека на наведената седница не било спроведено гласање односно не било извршено определено дејствие за донесување на одлука на органот во кој пријавеното лице било избрано или именувано, како би постоеле услови за укажување на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.

Врз основа на наведеното, ДКСК заклучи дека наводите од пријавата не се потврдуваат и дека не е констатирана повреда одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК
Изработил: М.М. - соработник
Контролирал: С.К. – раководител на одделение
Согласен: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: м-р К.З. - член на ДКСК